## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31, став 3 и член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 103 став 2 алинеја 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за изменување и дополнување на Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките

I. Во Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/2007) се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во точка 1, ставот 1 се менува и гласи:

„Со ова Упатство се пропишуваат видовите и содржината на финансиските извештаи на банките.

2. Во точка 3 став 2, зборовите: „За потребите на ова Упатство“ се менуваат со зборовите: „Во извештаите од ставот 1 од оваа точка“.

Во став 3, по зборот: „Во“ се додаваат зборовите: „извештаите од став 1 од оваа точка во“.

3. Точка 4 се менува и гласи:

„4. За потребите на ова Упатство, полугодишните финансиски извештаи се состојат од:

- Биланс на успех;
- Биланс на состојба;
- Извештај за промените во капиталот и резервите;
- Извештај за паричниот тек.

При подготовка на извештаите од ставот 1 од оваа точка банките не се должни да ја пополнат колоната за претходната година.

Во извештаите од став 1 од оваа точка колоната за тековната година го опфаќа периодот од 1 јануари до 30 јуни.“

4. Во точка 5 зборовите: „финансиските извештаи“ се менуваат со зборовите: „извештаите од точка 3 и точка 4 од ова Упатство“.

II. Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 11**
**22.06.2009 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер**